Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Неџадин Алити с. Раковец, Тетово УП2 09-162/24 од 26 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-240 од 1 март 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-240 од 1 март 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Неџадин Алити с. Раковец, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-162/24 од 26 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-240 од 1 март 2024 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјиште.

Според жалителот – парцелата се наоѓа на 80 метри од последна напојна точка од нисконапонската мрежа.

Според Електродистрибуција - корисникот има изградено нов објект за кој нема соодветни документи, односно се обидува со документација за приклучок на пумпа која се наоѓа на друга парцела, да добие приклучок за да може да го користи за нов објект за кој не е обезбедена соодветна документација.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-162/24 од 26 март 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 3 април 2024 со прилог:

-Имотен лист

-Барање за согласност за приклучок

-Потврда за потреба од приклучок на пумпа за наводнување

-Слики од парцелата
-GIS Скица.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 20 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) приклучувањето на дистрибутивната мрежа се одвива преку спроведување на следните три постапки:

1) барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа,
2) склучување на Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа помеѓу корисникот на дистрибутивната мрежа и ОДС и
3) ставање под напон на приклучокот.

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Мрежните Правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22), за објекти за кои одобрение за градење не е издадено преку информацискиот систем е-одобрение за градење или за кои е издадено решение за утврдување на правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, барањето за согласност за приклучување на потрошувач на дистрибутивната мрежа се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 1.

Согласно став (3) точка 1) од истиот член, барањето за согласност за приклучување на производител на дистрибутивната мрежа, се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП–2.

Согласно став (6), образецот БСП – 1 особено содржи:

1) Општи податоци за корисникот
2) Причина поради која се поднесува образецот
3) Број на предвидени мерни места
4) Барана едновремена максимална моќност
5) Потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот

Согласно член 35 став (1) точка 1) од Мрежните Правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22), ОДС ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога во прилог на БСП 1, односно БСП 2, не е доставена комплетна документација согласно Член 24 од овие Мрежни правила

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–162/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**